**УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА
**за активностите во периодот 01.01-31.12.2020г.**

Листа на дистрибуција:
-Одбор на директори

Забелешка:Не е дозволено дистрибуција или пренесување на овој документ на било кој начин (мануелно или електронски) на лица кои не се наведени во листата на дистрибуција.

**Јануари 2021**

## 1.Вовед

Врз основа на член 415 од Законот за трговски друштва(Сл.весник бр.48/10), како и врз основа на член 55-б од Статутот на Уготур А.Д.-Скопје, Службата за внатрешна ревизија изработи извештај за своето работење за период од 01.01.-31.12.2020г.
Извештајот за работењето на Службата е изработен согласно одредбите во споменатите акти и ги содржи следните информации:
-Опис на извршените ревизии на работењето во Уготур А.Д.-Скопје.
-Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола.
-Наоди и дадени препораки за надминување на идентификуваните слабости, статус и оценка на имплементација на препораките.
-Останати активности на внатрешната ревизија во текот на овој период.

Внатрешната ревизија е независна активност која обезбедува објективно уверување како и советодавна активност со цел да го обзбеди и подобри квалитетот на секојдневното работење на Друштвото. Воспоставувањето и одржувањето на системот на интерни контроли претставува одговорност на раководството и вработените под надзор на Одборот на директори.

Вкупниот расположив капацитет на Службата за внатрешна ревизија е еден внатрешен ревизор.

## 2.Опис на извршени редовни и вонредни ревизии

Во текот на изминатата година, Службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно Планот за работењето на внатрешната ревизија за 2020г.

Во текот на годината постои активна соработка со Одборот на директори на друштвото каде по секоја извршена ревизија доставувани се извештаи се со цел за одредени консултации, препораки и забелешки од нивна страна.

Ревизорски активности и техники кои се употребуваа во текот на ревизијата се:набљудување, интервјуа со вработените и раководството, увид во апликации за работа и финансиски софтвер.

## 2.1Извршени ревизии во текот на 2020г.

**Табела 1**

| | Ревизии | Документ бр. | Период | Број на препораки |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ревизија во финансово одд. | р.свр О1/2020 | Април 2020г. | - |
| 2 | Ревизија во финансово одд. | р.свр О2/2020 | Октомври 2020г. | - |

Во табела 2 е даден краток опис на реализираните ревизии за 2020г. со наведување на целта на ревизијата и опфатот.

**Табела 2**

| | |
|---|---|
| Ревизија во финансово одд. | **Цел на ревизијата:**<br>-да се провери пресметката на платата<br>-да се провери исплатата на платата<br>-да се провери законскиот рок на доставувањето на платата до Управата за јавни приходи<br>**Опфат на ревизијата :**<br>- работните листи со сите прилози за периодот на ревизијата<br>-Пресметката на платата со сите параметри<br>-Збирните пресметки на платата<br>-Поединечните пресметки на платата<br>-Декларациите за прием од Управата за јавни приходи |
| Ревизија во финансово одд. | **Цел на ревизијата:**<br>-да се провери дали дали во законскиот рок е доставена пријавата ддв-04,<br>**Опфат на ревизијата:**<br>-разгледувани беа пријавите ДДВ-04 и изводите од банка каде се гледа дека е платен данокот. |

## 3.Наоди,предложени мерки и нивно спроведување

Врз основа на ревизорските прегледи во 2020 г.,поединечните извештаи за секоја област на ревизија се доставени до Одборот на директори.
Во првиот квартал од 2020 г. беше изготвен годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2019г. Истиот беше уредно доставен и усвоен од страна на Одборот на директори.
Извештајот за работењето на СВР за 2019г. беше на дневен ред и на Годишното Собрание на Уготур А.Д.-Скопје и едногласно усвоен.
Во третиот квартал од 2020г. беше изработен полугодишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија и усвоен од страна на Одборот на директори.

## 4.Реализација на поставените цели и планираното време согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2020г.

Внатрешната ревизија беше фокусирана кон ефикасно остварување на целите во Годишниот план во рамки на расположливото време и човечки ресурси, а при тоа настојувајќи да се задржи квалитетот на ревизорската работа. Внатрешната ревизија цени дека основните поставени цели со Годишниот план за 2020г. се остварени имајќи го предвид основниот методолошки пристап во работењето и ориентираноста кон ризици.

**5.Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола**

Внатрешната контрола претставува континуиран процес и активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во Друштвото, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели: изработка на точни финансиски извештаи, зголемување на ефикасноста на вкупното работење, унапредување на ефикасноста како и на усогласеноста со интерните политики на друштвото и законските прописи кои се однесуваат на него.
Внатрешната ревизија при проценката на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола се раководеше од најзначајните компоненти и цели и тоа:
-Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива.
-Дали е воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамките на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија.
-Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Друштвото.
-Дали системските контроли во апликативните решенија се доволни, сигурни и безбедни за да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето и
-Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено Друштвото.

**Мислење:**
Врз основа на извршените ревизии во текот на 2020г.,внатрешната ревизија се стекна со разумно уверување дека системот на интерни контроли е на задоволително ниво и конструиран во насока на минимизирање на ризиците и остварување на деловната политика на друштвото.
Системот на интерна контрола е предмет на континуирани надградби и подобрувања кои се во насока на следење на ризиците кои произлегуваат од окружувањето и внатрешното работење подржано од вложување во човечки ресурси и технологија.

**Раководител**
**на Службата за внатрешна ревизија**

**/Маја Велкова/**